**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
Бр. 11-309/3
20.06.2022 год.
Гевгелија

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20) ја издава следната

**П О Т В Р Д А**
**за заверка на одобрена проектна програма**

Се одобрува Проектна програма за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 583 КО Ново Конско, општина Гевгелија со арх.бр.64/22 од 01.04.2022год.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателите Ангел Лешев, Митко Лешев и Даме Коруновски преку полномошник ,,РЕСУРС,, ЛТДИ дооел Кавадарци поднесе барање за одобрување на Проектна програма со арх.број 64/22 од 01.04.2022год., изработена од ,,РЕСУРС,, ЛТДИ дооел Кавадарци, за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 583 КО Ново Конско, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Планска програма со технички број 64/22 од 01.04.2022год., изработена од ,,РЕСУРС,, ЛТДИ дооел Кавадарци.

2. Графички приказ на Планска програма со граница на плански опфат.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 11-94/1 од 07.02.2022година, по разгледувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11-309/2 од 15.06.2022година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20). Врз основа на тоа, се одобрува планската програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник на
општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2022.06.20 13:26:35 +02'00'